Центар за стручно образование и обука

# Информативен билтен

## Центар за стручно образование и обука



*Драги читатели,*

*Во овој информативен билтен ќе Ве информираме за реализираните активности од страна на Центарот за стручно образование и обука, како што се новините во стручното образование и обука, разни семинари, работилници, издадени публикации, конференции, натпревари, состаноци, како и други активности реализирани од страна на вработените во ЦСОО.*

*Ви благодариме на вниманието.*

***Прва средба на Комисијата за средно стручно образование и обука, Скопје, 30.10.2017***

На 30 октомври 2017 година се одржа првата средба на Комисијата за стручно образование и обука која е основана од Делегацијата на германското стопанство во Македонија. Комисијата им нуди на сите засегнати страни платформа за постојана и транспарентна дебата на теми поврзани со средното стручно образование и обука во Македонија.
Покрај претставниците на Делегацијата, учествуваа на средбата и заменик-амбасадорот на Република Германија, г. Марко Акватичи, како и претставници на компаниите EVN, Injection Moulding Prilep, Gentherm, Marquardt, Kostal, DMM Dräxlmaier и на Центарот за средно стручно образование обука.

